**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-125/8**

**Скопје, 14.02.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на Општина Куманово за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Зоран Дамјановски, Градоначалник на општина Куманово, од 14.04.2005 година.

4. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

5. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 27.12 2006 до 28.12.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

6. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации на општина Куманово на ден 31 декември 2005 година постојат неискористени средства од корисниците во износ од 729 илјади денари. Овие средства иако се планирани во финансиските планови на корисниците истите не се потрошени и покрај тоа што буџетската година е завршена, што е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Непотрошените средства се резултат на ненавремено доставени фактури за набавка на екстра лесно масло за горење, дрва и други расходи за месец декември 2005 година кон корисниците.

**Препорака:**

Средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани согласно финансиските планови на корисниците на тие средства. Корисниците на наменските дотации да се залагаат за навремено добивање на фактурите за исплата на трошоците по истиот основ.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на Општина Куманово на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката на Наменски дотации на Општина Куманово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 13.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА КУМАНОВО**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | **20.567** | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **20.567** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | **19.838** | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **19.838** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **19.838** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **729** | **0** |

**ОПШТИНА КУМАНОВО**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | **729** | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **729** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **729** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | **729** | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **729** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **729** | **0** |